**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Благоја Бакрачевски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен граѓански суд Скопје и**
**Основен кривичен суд Скопје**
**ул.Ленинова бр.17,згра.1-вл.1-кат 2/4**
**тел. 02/3201-701;071/319-325**
**bakracevskiblagoja@gmail.com**

**Образец бр.29**

**И.бр. 581/2026**

Извршителот Благоја Бакрачевски од Скопје, ул.Ленинова бр.17,згра.1-вл.1-кат 2/4 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Друштво за градежништво, трговија и услуги ЛИМАК ДОО Скопје од Скопје со ЕДБ 4080013535831 и ЕМБС 6859127 и седиште на ул.Железничка бр.31, засновано на извршната исправа ОДУ бр.646/2024 од 11.11.2024 година на Нотар Весна Дончева од Скопје, против должникот Друштво за услуги ТХЕО ЦХАРИТУ ФОУНДАТИОН ДООЕЛ Скопје од Скопје со ЕДБ 4057020549935 и ЕМБС 7422679 и седиште на ул.Пресека бр.41, за спроведување на извршување во вредност 738.269,00 денари на ден 13.08.2026 година го составува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба со усно јавно наддавање на следните подвижни предмети:

Заштитна електрична ролетна со димензии 3,5 х 1,9 м со проценета вредност од 24.000,00 денари
Рекламно светлечко пано со димензии 3,8 х 1,2 м со проценета вредност од 4.800,00 денари
Пулт за одржување ( мермерен) со 4 фрижидери за одржување 3.9 х 0,7 m со проценета вредност од 63.842,00 денари
Работна маса со две полици со димензии 0,7 х 0,6 – два броја со проценета вредност 26.502,00 денари
4 Видео камери HIGHVISION со ресивер со проценета вредност од 2.400,00 денари
2 Шини со вкупно 5 сијалици со проценета вредност во износ од 2.912,00 денари
10 Округли плафонски висечки сијалици со проценета вредност во износ од 2.400,00 денари
Индустриска единица – клима со топлотна пумпа со проценета вредност во износ од 68.000,00 денари
Систем за вентилација ( хауба со канали и филтер-активен јаглен ) 3,3 х 1,2 m со проценета вредност во износ од 38.983,00 денари
Работен разладен пулт со 4 фиоки и 2 комори со димензии 2,5 х 0,7 m со проценета вредност во износ од 45.777,00 денари
Работен пулт со два рафта со димензии 2,5 х 0,7 m со проценета вредност во износ од 7.710,00 денари
Електричен сад за топло чување – Бенмари со проценета вредност во износ од 5.600,00 денари
Работен пулт со 2 сада за топло чување 0,8 х 0,8 m со проценета вредност во износ од 13.492,00 денари
Фрижидер со работен пулт со 2 вратичќи за одржување 1,5 х 0,7 м и салатер бар со садови за салата 1,5 х 0,7 m со проценета вредност во износ од 37.344,00 денари
Фритеза дупла со проценета вредност во износ од 42.886,00 денари
Апарат за варење паста со проценета вредност во износ од 36.863,00 денари
Работен пулт со три отвори за рингли 1,8 х 0,8 m со проценета вредност во износ од 9.878,00 денари
Една индукциска електрична рингла со електричен контролор производител BARTSHER модел IK-35-EB со проценета вредност во износ од 8.610,00 денари
Сув работен пулт со две вратички 0,8 х 0,6 m со проценета вредност во износ од 5.059,00 денари

2 Фрижидери високи за одржување Inox ( едниот внатре со фолија на врата NITO со димензии 2,10 x 0,8 m со проценета вредност во износ од 69.870,00 денари
На три позиции по две иноксни полици 1,5x 3 m со проценета вредност во износ од 7.970,00 денари
Работен пулт иноксен 1,6 x 0,6 m со проценета вредност во износ од 9.600,00 денари
Иноксно лабаво – дупло со 2 професионални чешми со проценета вредност во износ од 19.034,00 денари
Единечно иноксно лабаво со професионална чешма со димензии 1 х 0,8 м со проценета вредност во износ од 13.974,00 денари
Протечно бојлерче BOSCH со проценета вредност во износ од 5.080,00 денари
Две висечки неонки со димензии 1,5 м со проценета вредност во износ од 1.280,00 денари
Во задниот дел индустриска единица клима со топлотна пумпа со проценета вредност во износ од 68.000,00 денари
Сандак за замрзување FUEGO – 380 литри со проценета вредност во износ од 8.400,00 денари
Монтажен рафт со 4 полици со димензии 1,2 x 0,6 m со проценета вредност во износ од 680,00 денари

Или вкупна вредност на сите подвижни предемети во износ од 650.946,00 денари која вредност претставува почетна цена за второто усно јавно наддавање а во корелација со одредбите од членот 110 став 2 од ЗИ и истите **СЕ ПРОДАВААТ ВО ПАКЕТ**.

Предметите се оптоварени со следните товари: Записник за попис и процена на подвижни предмети (врз основа на члeновите 103, 104 и 105 од Законот за извршување) од 26.06.2026 година на Извршител Благоја Бакрачевски од Скопје

Продажбата ќе се одржи на ден 24.08.2026 година во 10:00 часот во просториите на Извршител Благоја Бакрачевски од Скопје со седиште на Ул. Ленинова бр.17 зграда 1 влез 1 кат 2/4 Скопје.

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник НОВА МАКЕДОНИЈА.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на подвижниот предмет, а во врска со членот 183 став 5 од ЗИ .

**Уплатата на паричните средства на име гаранција во износ од 65.095,00 денари се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 200004017741641 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број 5080022511701 со цел на дознака плаќање по И.бр.581/2026 НАЈДОЦНА ЕДЕН ДЕН ПРЕД ПРОДАЖБАТА**.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.
Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат по претходен договор со Извршителот.
Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Благоја Бакрачевски

Д.-на: должник
Доверител
Архива н аизвршител

x______________________________

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основен граѓански суд Скопје, во рок од три дена од денот на прием на заклучокот, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.